ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
CHESS FEDERATION OF MACEDONIA

# ЕКИПНО ПРВЕНСТВО НА МАКЕДОНИЈА ЗА МЛАДИ

1. Екипното првенство на Македонија за млади (до 16 години) ќе се одржи за време на викендите во текот на април и мај 2011 година, во организација на Шаховската федерација на Македонија, под покровителство на Алкалоид АД-Скопје.

2. Право на учество имаат шаховски клубови, шаховски школи и други субјекти кои организирано се занимаваат со шаховска активност.

3. Екипите се составени од 4 (четири) млади шахисти и 4 (четири) резерви.

4. Шаховската федерација на Македонија ги покрива патните трошоци за одржување на натпреварите во различни градови низ Македонија.

5. Се игра по Бергеров (кружен) систем, секој со секого, во 3-4 термини, во зависност од бројот на пријавените екипи, по бод систем.
   За победа во мечот (4:0; 3,5:0,5; 3:1 и 2,5:1,5) се добиваат 2 бода , а за нерешен резултат (2:2) се добива еден бод.При ист број на бодови одлучува:
   - Вкупен број на освоени поени
   - Резултат од меѓусебни средби
   - Подобар успех на сите табли на целото натпреварување
     (1.табла се бодува со 100 поени, 2.табла со 90 поени, 3.табла со 82 поени, 4.табла со 76 поени, 5.табла со 72 поени и 6.табла со 70 поени)

6. Темпо на игра е 25’ + 10“.Бројот на одиграни партии во еден ден не смее да биде поголем од 4 (четири).

7. Најуспешните ќе бидат наградени со пригодни подароци.

8. Пријавување на екипите (email: chessmkd@t-home.mk) најдоцна до 25 март 2011 година.

Скопје, 10 март 2011 година

Шаховска федерација на Македонија
Иван Кочовски, стручен секретар